ООУ„Стив Наумов“-Битола

Програма за комуникација со јавноста и промоција на училиштето

изработи:

м-р Ана Динковска-Божиновска

директор:

Никола Пискачев

Битола, август 2023 год.

Комуникација со јавноста и промоција на училиштето

Меѓусебните односи на училиштето ООУ „Стив Наумов“-Битола со јавноста се градат врз принципот на заемното влијание, односно училиштето влијае врз јавноста и средината, но прима од неа сè што е позитивно. Соработката со јавноста се насочува на можноста програмските содржини на одредени институции да послужат за едукација и воспитно делување врз нашите ученици, но и за професионален развој на наставниот кадар. Преку комуникацијата со јавноста, нашето училиште врши и промоција на целокупните училишни активности. Училиштето континуирано прави маркетинг преку медиумски настапи, училишната веб-страница (http://www.oustivnaumovbt.edu.mk/), училишните весници и училишниот билтен.

Локална заедница

Соработката на нашето училиште со локалната средина е од посебно значење со единствена цел училиштето што повеќе да се доближи до локалната средина и да се афирмира како културен и образовен центар. Воспитно - образовната работа на ова програмско подрачје ја планираме со цел да се стават во педагошка функција сите ресурси што може да ги понуди локалната средина за поуспешно остварување на програмските задачи на училиштето. Преку таа соработка, нашето училиште влијае на подигнување на културно - образовното ниво на локалното население. Односите се градат врз принципот на заемно влијание, односно училиштето влије врз средината, но и прима од истата сè што е позитивно и корисно. Комуникацијата со локалната заедница се остварува преку усна, пишана и електронска форма. Преку ова подрачје ги остваруваме следните задачи: искористување на стручни, културни и материјални можности на локалната средина за подобрување на квалитетот на воспитно - образовната дејност на училиштето; Размена на знаења, мислења и искуства со наставниот кадар и стручните служби од другите училишта од општината; Организирање прослави на

празници и јубилеи, културно - уметнички, образовни, спортски и други манифестации со другите училишта од општината и локалното население; Информирање на пошироката јавност за работата и резултатите што ги постигнува училиштето.

Институции од областа на културата

За подигнување на културното живеење и развивање љубов кон уметностите (филмска, театарска, ликовна, литературна) се реализираат посети на институции од културата. Исто така задолжително се планираат и се следат објавени конкурси и натпревари на кои учениците земаат активно учество под менторство на наставниците. Училиштето има постојана и плодна соработка со следниве институции од областа на културата:

Центар за култура-Битола

Народен театар-Битола

Културен и информативен центар-Битола

Манифестација „Браќа Манаки“-Битола

Друштво на ликовни уметници на Битола

НУУБ „Св. Климент Охридски“-Битола

Музеј на општина Битола

Институции од областа на образованието

Училиштето има постојана и плодна соработка со следниве институции од областа на образованието:

Министерство за образование и наука (МОН);

Биро за развој на образованието (БРО);

Државен просветен инспекторат (ДПИ);

Сектор за основно образование на општина Битола;

Овластен просветен инспекторат;

Актив на директори на ниво на општина;

Основни и средни училишта;

Факултети (Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“-Битола, Технички факултет-Битола);

Национална агенција за европски образовани програми и мобилност

Со наведените институции училиштето воспоставува најразлични форми на соработка: советодавна, консултативна и стручна помош, стручно усовршување на наставниот кадар, координирање на работата, размена на искуства на наставниот кадар, меѓуучилишни натпревари, професионална ориентација на учениците, менторирање на студенти од факултетите, користење на стручна литература, учество на трибини и предавања, реализација на европски проекти од програмата Еразмус +.

Невладини организации и здруженија:

Црвен Крст – Битола;
Црвен Крст на Република Македонија
Сојуз за грижи и воспитување на децата;

ПАКОМАК;
ОХО

Спортски друштва:

Федерација на училиштен спорт на РМ
Федерација на училиштен спорт на општина Битола,
Отворени забавни спортски школи,

Здравствени организации:

ЈЗУ Центар за јавно здравје-Битола,
Завод за рехабилитација на деца со оштетен слух, говор и глас „Кочо Рацин“-Битола
Центар за социјални грижи-Битола,

Медиуми:

ТВ станици: (ТВ Тера, МТВ),
Локални радио станици
Весници;
Интернет портали (bitola news, setaliste.com.mk, apla.mk)

За сите настани и случувања, јавноста континуирано ќе биде информирана преку веб-страницата на училиштето:

http://www.oustivnaumovbt.edu.mk/

Програма за комуникација со јавноста и промоција на училиштето

Цели и задачи	Активности	9	10	11	12	1	2	3	4	5	6	Носители	Начин на спроведување (ресурси)	Инструменти	Очекувани резултати	Одговорно лице
Свечен прием на првачињата и развивање чувство на припадност кон нивниот втор дом	Свечена приредба по повод првиот училиштен ден	x										Директор, педагог, одделенски наставници	Свечена приредба	Записници од одржани состаноци, план за реализација на активностите, усни и писмени изве	Развивање на позитивна клима во училиштето, промоција на првачиња	Педагог, наставници од прво одделение
Меѓународна соработка, размена на идеи и искуства од воспитно-образовниот процес	Подготовка за реализација на Еразмус + проекти		x									Директор, Заменик директор, Еразмус + тим, ученици од предметна настава и нивните родители	Состаноци, средби со родители и ученици, Подготовка на план на активности и документација за реализација на		Меѓународна афирмација на училиштето и промоција на тенденцијата за европско образование во поширокат	Еразмус+ тим

со ЕУ земји												проекти	шта и	а средина	
Свечено одбележување на Патрониот празник	Одбележување на Патрониот празник на училиштето		x								Директор, наставници, ученици и родители	Приредба		Афирмација на училиштето	Наставници по македонски јазик, по музичко и физичко и ликовно образование, од одделенска и предметна настава
Разбирање на значењето на овој ден	Одбележување на 4 Ноември-Ден на ослободувањето на Битола			x							Наставници по ФЗО,одделенски и предметни наставници, Општина Битола	Состаноци, средби, трибини, дебати, учество во ноќна трка, посета на институци		Развивање чувство на припадност кон сопствената татковина и почитувањ	Наставници и ученици

												ите во Општина Битола		е на нејзината историја	
Одбележување на новогодишните празници - дружење и социјализација на учениците од редовната настава со ученици со ПОП	Новогодишна забава (Црвено-бела забава)				x						Училиштето и Завод за рехабилитација на деца со оштетен слух, говор и глас „Кочо Рацин“- Битола	Средби и дружење со децата со ПОП		Промоција и афирмација на училиштето во локалната заедница како средина во која се развива разбирање, одговорност, поддршка и помош на лицата со посебни потреби	Наставници и ученици
Да се информира поширок	Извештаи и пресови за новинари, работни и					X					Координатор на проекти, директор,	Состаноци, средби, изјави за медиумит		Промоција и афирмација на	Координатор на проект

ата јавност за интернационализацијата на училиштето преку меѓународни Еразмус + проекти	дисеминаторски состаноци во училиштето										заменик директор, Еразмус тим	е, изработка на план за одржливост на проектот во локалната заедница		училиштето во локалната заедница	
Шега, дружење и избор на најдобра маска	Одбележување на 1 Април-Денот на шегата								x		Наставници и ученици	Изработка и презентирање на маски		Развивање креативност и фантазија, позитивни ставови и работни навики кај учениците преку изработка на маски	Наставник од одделенска настава
Организирање на свечен настан на кој ќе бидат претстав	Промоција на најдобрите ученици во училиштето за учебната 2021/2022										x	Директор, педагошко-психолошка служба, Комисија за доделување на	Свечен настан		Промоција и афирмација на училиштето во локалната	Библиотекар

ени и награден и најдобри те ученици во учебната 2020/202 1 год., првенец на генераци јата, добитни ци на награди, дипломи и признани ја на конкурси и натпрева ри	год.										награди и за избор на првенец			заедница	